Телефон: +38946511000
Факс: +38946511567
www.uist.edu.mk

Партизанска бб.
6000 Охрид
Република Северна Македонија

Бр. 02-303/3
Охрид. 23.4.2024 год.

Врз основа на член 94 точка 43 во врска со член 97 став 3 од Закон за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 154/2019, 178/2021 и 58/2024) и во врска со член 128 и член 141 од Статутот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле"-Охрид, Сенатот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле"-Охрид, на седницата одржана на ден 23.04.2024 година, ја донесе следната

О Д Л У К А
за поништување
на Јавен оглас за избор на Ректор бр. 04- 685/1 од 27.11.2023 година

1. Јавниот оглас за избор на Ректор бр. 04-685/1 од 27.11.2023 година, објавен на ден 27.11.2023 година во дневните весници „Нова Македонија" и „Коха" и на Веб страната на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле"-Охрид, **СЕ ПОНИШТУВА.**

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле"-Охрид објави Јавен оглас за избор на ректор бр. 04-685/1 од 27.11.2023 година, објавен на ден 27.11.2023 година во дневните весници „Нова Македонија" и „Коха" и на Веб страната на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле"-Охрид.

Со Одлука бр. 02-100/3 од 30.01.2024 година на Сенатот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле"-Охрид, Јавниот оглас за избор на Ректор бр. 04-685/1 од 27.11.2023 година, беше поништен.

Со Пресуда на Управниот суд на Република Северна Македонија У-1 бр. 108/2024 од 21.03.2024 година, Одлуката бр. 02-100/3 од 30.01.2024 година на Сенатот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле"-Охрид, СЕ ПОНИШТУВА.

Според член 94 точка 43 од Закон за високото образование:
Сенатот на универзитетот
- врши други работи утврдени со овој закон и со статутот на универзитетот.

Според член 97 став 3 од Закон за високото образование:
(3) Ректорот се избира од редот на редовните професори со објавување на јавен оглас.

Според член 128 од Статутот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле"-Охрид:
Ректорот се избира од редот на редовните професори со објавување на јавен оглас за избор на ректор од страна на Универзитетот и ја утврдува содржината на огласот.
Огласот содржи:
- општи услови;
- посебни услови;
- времетраење на огласот;
- други елементи од значење за постапката.

Кандидатите за ректор поднесуваат пријава со:
- програма за работа;
- биографски и библиографски податоци.

Според член 141 од Статутот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле"-Охрид:
Роковите од оваа глава се сметаат во работни денови. Како неработни денови се сметаат сабота, недела, државни празници и други неработни денови утврдени со закон.

Видно од содржината на Јавниот оглас за избор на Ректор бр. 04-685/1 од 27.11.2023 година, во истиот не се наведени општите услови и посебните услови кои треба да ги исполнува кандидатот за ректор, единствено наведено е дека кандидатот треба да биде државјанин на Република Северна Македонија и да биде редовен професор, без да се направи разграничување на општите и посебните услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор на ректор согласно одредбата од член 128 став 2 од Статутот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле"-Охрид, како и со што се докажува исполнетоста на секој од општите и посебните услови.

Во Јавниот оглас за избор на Ректор бр. 04-685/1 од 27.11.2023 година, е наведено дека кандидатите за избор на ректор кон пријавата задолжително

доставуваат: Биографија со библиографија, Програма за работа и развој на Универзитетот за мандатниот период, Одлука за избор во редовен професор и Уверение за државјанство, при што вака наведеното во Јавниот оглас не е во согласност со член 128 став 3 од Статутот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле"-Охрид.

Ваквата повреда е констатирана и од страна на Државниот просветен инспекторат во Записник за извршен вонреден инспекциски надзор бр. 09-02 од 09.01.2024 година.

Воедно, во Јавниот оглас за избор на Ректор бр. 04-685/1 од 27.11.2023 година е наведено дека кандидатите треба да ги достават потребните документи во рок од (8) осум дена по денот на објавувањето на Јавниот оглас во печатените дневни весници „Нова Македонија" и „Коха" и на веб страната на Универзитетот, меѓутоа вака определениот рок не е во согласност со одредбата од член 141 од Статутот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле"-Охрид, во која е пропишано дека роковите од оваа глава се сметаат во работни денови. Како работни денови не се сметаат сабота, недела, државни празници и други неработни денови утврдени со закон.

Видно од содржината на Статутот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле"-Охрид, одредбите за избор на ректор се во рамките на ГЛАВА IX Органи и тела на високообразовната установи, во која се наоѓаат членовите од 105 до член 184 од Статутот.

Од погоренаведените причини се одлучи како со диспозитивот на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволната странка има право на тужба до Управен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на истата.

Претседател на Сенат,

Доц. д-р Расим Салкоски

Доставено до:
- Архива;
- Ректор;
- Проф. д-р Анастас Џуровски;
- Проф. д-р Устијана Речкоска Шикоска.